РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (11) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/2020 и бр.111/2023), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

## ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА

По **Предлог – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од 6,96 ха., со следните граници :
Границите на планскиот опфат се:
• Северозапад - осовина на сервисна улица „Дончо Штипјанчето“
• Североисток - осовина на сервисна улица „Никола Киров Мајски“
• Југоисток – осовина на сервисна улица „Пехчевска“
• Југозапад – осовина на собирна улица „Благоја Стевковски“

Во рамките на Предлог - Детален урбанистички план Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 5 се предвидени следните класи на намена:

- **А-домување**
- **Д-зеленило**
- **Е-инфраструктура**

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница "Хиподром", во рок од 12 работни дена и тоа почнувајќи од **13.10.2023год. до 31.10.2023год.** секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

Повторната **Јавна презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **17.10.2023 год**. со почеток во 12.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во повторната Јавна анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Хиподром".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови .

Бр.28-3/3741/7
од 22.09.2023година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски